**Т.3 Престанок на функциите на членови на Надзорен Одбор поради истек на мандат и избор на членови на Надзорен Одбор**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 418 од Законот за трговските друштва и член 31 од Статутот на Акционерското друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт-импорт АД - Скопје, на седницата на Собранието на друштвото одржана на ден 31.07.2012 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За престанок на функциите на членови на Надзорен Одбор и избор на членови на Надзорен Одбор ВВ ТИКВЕШ АД Скопје**

**1.**Поради истек на мандатот, СЕ КОНСТАТИРА престанок на функциите

на следните членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје:

**1.Ратко Чадиковски-претседател**
**2.Светлана Пендаровска-член**
**3.Тихомир Атанасовски-член**
**4.Братољуб Раичковиќ-независен член**

**2**. За членови на Надзорниот одбор на ВВ ТИКВЕШ АД Скопје, СЕ ИЗБИРААТ:

**1. Ратко Чадиковски-член**
**2. Светлана Пендаровска-член**
**3. Тихомир Атанасовски-член**
**4. Братољуб Раичковиќ-независен член**

**3**. Траењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор се определува за време од 4 години од денот на изборот.

**4**. Надзорниот одбор од редот на своите членови со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира Претседател на Надзорниот одбор и негов заменик кој ќе го заменува во случај на отсуство ако претседателот не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, кој ги свикува седниците, преседава со нив и е одговорен за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.

**5**. Надзорниот одбор избира 7 членови на Управниот одбор. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор еден од членовите на Управниот

одбор го именува за Претседател на Управниот одбор. Ако претседателот на Управниот одбор од било кои причини неможе да ја врши функцијата или е отсутен, со водењето на состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор определен со одлуката за именување на Петседател и заменик претседател на Управниот одбор.

**6**. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор одобрува еден член на Управниот одбор да го застапуваат друштвото. Членот на Управниот одбор определен за застапување на друштвото ќе го нози називот ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР.

**7**. Своите права, обврски и овластувањата Надзорниот одбор е должен да ги извршува во согласност со законот, Статутот и овластувања што изричито му се дадени од Собранието на друштвото.

**8**. Членовите на Надзорниот одбор имаат право на осигурување на живот и друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго). Средствата што ќе се исплатуваат на членовите на Надзорниот одбор се трошоци на работењето на друштвото. За посебно доверени работи што за друштвото ќе ги извршува член на Надзорен одбор може да му се признае дополнителна награда, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето.

**9.** Се овластува Генералниот директор да поднесе пријава за упис на Одлуката за избор на членови во Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, Скопје во Централниот Регистар на РМ..

**10**. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ